Врз основа член 50 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016 година и Службен весник на РСМ 257/20, 163/21, 64/24, 235/24 година) член 3 став 3 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018), и дополнувањето на Извештајот од работата на Комисијата за давање предлог на Министерката за избор на кандидати кои конкурирале за доделување на еднократни парични средства за објавен научно-истражувачки труд за 2023 година, бр. 15-3838/3 од 07.11.2024 година, министерката за образование и наука, донесе

# РЕШЕНИЕ

## За изменување и дополнување на Решението за финансирање на прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2023 година бр.15-1972/2 од 03.02.2025 г.

1. Во решението бр.15-1972/2 од 03.02.2025 г. во табела 6 под редниот број 7 се брише:

| Р. бр. | ИД | Назив на институцијата поднесител | Име | Презиме | Наслов на трудот (преведен на македонски јазик) | Полн наслов на меѓународното научно списание | Фактор на влијание | линк од интернет страницата каде што е објавен научниот труд | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | 451494 | Универзитет „Гоце Делчев“ | Билјана | Ивановска | „Општественото значење на англицизмите во германскиот јазик кај младите: споредбена анализа помеѓу “Der Standard” и “Cool Magazin”. | Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања | 0.1 | https://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL/article/view/6307 | прифатено |

2. Во решението бр.15-1972/2 од 03.02.2025 г. во точка 13. во табелата по реден бр. 9 се додава табела со реден број 10:

| Р. бр. | ИД | Назив на институцијата поднесител | Име | Презиме | Наслов на трудот (преведен на македонски јазик) | Полн наслов на меѓународното научно списание | Фактор на влијание | линк од интернет страницата каде што е објавен научниот труд | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 451494 | Универзитет „Гоце Делчев“ | Билјана | Ивановска | „Општественото значење на англицизмите во германскиот јазик кај младите: споредбена анализа помеѓу “Der Standard” и “Cool Magazin”. | Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања | 0.1 | https://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL/article/view/6307 | не во базата на CLARIVATE ANALITICS, објавено е во базата на SCOPUS |

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 2 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018) распишан е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2023 година со бр.15-3838/2 од 03.04.2024 година. До Министерството за образование и наука до 15.07.2023 година доставени се вкупно 483 барања од автори за доделување средства за објавен домашен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание. Во согласност со член 3 став 1 од Правилникот за остварување на правото на еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средствата платени за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018) доставените барања ги разгледа стручна пет члена комисија формирана од Министерката на Министерството за образование и наука со Решение број 15-3838/3 од 07.11.2024 година и изготви изменување и дополнување на Извештајот од работата на Комисијата за давање предлог на Министерката за избор на кандидати кои конкурирале за доделување на еднократни парични средства за објавен научно-истражувачки труд за 2023 година, бр. 15-1972/3 од 04.03.2025. Барањата кои беа дополнително разгледувани не ги исполнуваат условите согласно конкурсот.

Изменувањето и Дополнувањето на Решението за финансирање на прифатени научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2023 година по научни области го донесува Министерката врз основа на конкурсниот услов за распределба на средства за финансирање на објавен домашен научно-истражувачки труд во меѓународно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за 2023 година, финансискиот план на Министерството за образование и наука за 2025 година и Програма за научно-истражувачка дејност за 2025 година („Службен весник на РСМ“ бр. 8/25).

Според горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
проф.д-р Весна Јаневска